# Општина Демир Капија

# Б – интегрирана еколошка дозвола

Име на компанијата:

**Друштво за производство, трговија и услуги ВАНЕ – КОМ ЈУНИОР ДОО Демир Капија**

Адреса:

**ул.,,Тиквешка'' бр.3 Демир Капија**

Инсталација:

**Сепарација на изваден наносен материјал – песок, чакал, камен од коритото на река Вардар, на локација м.в.Средни лаки, КО Корешница, Општина Демир Капија**

Број на дозвола: УП | 10-165

# Содржина

Вовед....4
Краток опис на инсталацијата регулирана си оваа дозвола....5
Комуникација....6
Доверливост....6
Промени во дозволата....7
Пренос на дозволата....7
Одземање и престанок на дозвола....7
Престанок на работа на инсталацијата....7
Преглед на барани и доставени документи....8
**Дозвола....9**
Услови....10
**1.Инсталација за која се издава дозволата....10**
**2.Работа на инсталацијата....14**
2.1. Техники на управување и контрола....14
2.2. Суровини (вклучувајќи и вода)....15
2.3. Ракување и складирање на отпадот....16
2.4. Преработка и одлагање на отпадот....17
2.5. Спречување и контрола на хаварии....17
2.6. Мониторинг....19
2.7. Престанок со работа....24
2.8. Инсталации со повеќе оператори....25
**3.Документација....26**
**4.Редовни извештаи....28**
**5.Известувања....29**
**6.Емисии....30**
6.1.Емисии во атмосфера....30
6.2.Емисии во почва....30
6.3.Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)....31
6.4.Емисии во канализација....31
6.5.Емисии на топлина....32
6.6.Емисии на бучава и вибрации....32
**7.Пренос на отпадни води....33**
**8.Услови надвор од локацијата....34**
**9.Програма за подобрување....35**
**10.Договор за промени во пишана форма....37**
**Додаток 1....39**
**Додаток 2....40**

# ВОВЕД

Овие воведни белешки не се дел од дозволата

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22 и 171/22), за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временскиот распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на РМ" бр. 89/05), до одобреното ниво во дозволата.

## Краток опис на инсталација регулирана со оваа Дозвола

ДПТУ ВАНЕ КОМ ЈУНИОР ДОО - Демир Капија престставува инсталација за сепарација, во атарот на село Корешница.

Пристапот кон инсталацијата е земјен пат покриен со чакал, а поблиската околина е обработливо земјоделско земјиште.

Во близина на локацијата нема недвижни културни добра и пејсажот се одликува со крајречна вегетација и обработливи земјоделски површини, најчесто градинарски и овошни култури.

Главна дејност е сепарација на изваден наносен материјал песок, чакал и камен од коритото на површинско водно тело река Вардар на КП 1451/1 КО Корешнница, Општина Демир Капија и истиот е предвиден како еден производен објект со една намена, односно како место на кое ќе се произведуваат сите видови на фракции на сепариран песок, чакал и камен.

Годишниот капацитет изнесува 14.000 м$^3$ со работа во една смена 240 работни денови во текот на годината.

Технолошкиот процес за сепарација на материјалот се одвојува во неколку фази. Прво се врши експлоатација на несепариран песок и чакал од локалитетот (за којшто компанијата има Договор бр.10-740/13 од 27.04.2021 за вадење на наносен материјал од река Вардар со АД Водостопанство на РСМ) и ископаната суровина од платото со помош на багер се префрла до бетонскиот бункер од инсталацијата за сепарирање. Од бункерот со помош на транспортна лента се врши дотур до системот на сита каде со помош на вода и сита се врши двоење на повеќе комерцијални фракции, мил и крупна фракција.

По извршената сепарација, фракциите кои комерцијално не се бараат и нема за нив понатамошна упортреба се враќаат и со нив се уредува речниот брег.

Операторот има добиено дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање за користење на вода од река Вардар за потребите на сепарацијата, со зафат лоциран на КП 1451/1 КО Корешница со координати Y = 7603620; X = 4587107 и максимално дозволено количество на вода која се зафаќа Qmax= 1.66 л/с и локација на местото на испуштање на вода Y = 7603682; X = 4587033.

**Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација**

| Сопственик на Дозволата: | Број на дозвола: | Дата на издавање: |
|---|---|---|
| ДПТУ ВАНЕ – КОМ ТРЕЈД ДООЕЛ Демир Капија Управител Ванчо Личев | 09-371/8 | 17.09.2012 година |

**Заменети дозволи/ Согласности/ Овластувања поврзани со оваа**

| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
|---|---|---|
| / | / | / |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа, надлежен за областите од животната средина ( во понатамошниот текст Надлежниот Орган ) во врска со оваа Дозвола, Ве молиме наведете го Бројот на Дозволата. Надлежниот орган можете да го контактирање на адреса ул.,,Маршал Тито'' бр.15 Б, 1442 Демир Капија, Република Северна Македонија.

## Доверливост

Дозволата го обврзува операторот да доставува податоци до надлежниот орган. Надлежниот Орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно со потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно со Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот Орган да определи дали податоците се деловно доверли, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина член 55, став 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која

Надлежниот Орган треба да ја одобри доверливоста. Податоците и причината за доверливоста треба да бидат приложени кон Барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животната средина и Правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на РМ" бр. 112/14 и 42/16).

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, во согласност со член 118 од Законот за животната средина и во согласност со Правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола.

## Одземање и престанок на дозволата

Оваа дозвола се одзема доколку се исполни само еден од условите за одземање утврдени во согласност со Законот за животната средина и во согласност со член 15 и член 16 од Правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола.

## Престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува Надлежниот орган за намерата за престанок на работа на инсталацијата и е должен да му предложи план со мерки за ремедијација на локацијата на која се наоѓа инсталацијата, согласно член 120 од Законот за животната средина.

## Преглед на барани и доставени документи

| **Предмет** | **Датум** | **Коментар** |
|---|---|---|
| Барање за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола УП \| 10-165 | 16.09.2021 | Операторот го предаде Барањето до Општина Демир Капија |
| Известување до Оператор | 29.09.2021 | Доставено до Операторот |
| Барање за мислење од МЖСПП | 02.11.2021 | Доставено до Општина Демир Капија од МЖСПП |
| Мислење | 03.11.2021 | Доставено до МЖСПП |
| Известување до Оператор | 27.06.2022 | Доставено до Операторот |
| Записник од инспекциски надзор | 21.07.2022 | редовен инспекциски надзор од Државен инспекторат за животна средина |
| Барање за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола УП \| 10-165 | 16.09.2022 | Операторот го предаде Барањето до Општина Демир Капија |
| Објава на барање | 17.10.2021 | на огласна табла и на веб страна www.opstinademirkapija.gov.mk |
| Дозвола бр. УП I 10 - 165 | 14.12.2022 | Издадена |

Дозвола
Закон за животна средина

**Б – интегрирана еколошка дозвола**
**бр. УП I 10 – 165**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со членот 95 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), го овластува:

**Друштво за производство, трговија и услуги ВАНЕ – КОМ ЈУНИОР ДОО Демир Капија**

Со регистрирано седиште на:
Адреса: **ул.,,Тиквешка'' бр.3 Демир Капија**
Поштенски број и град: **1442 Демир Капија**
Држава: **Република Северна Македонија**
ЕМБС: **7183275**

Да раководи со инсталацијата:
**Сепарација на изваден наносен материјал – песок, чакал, камен од коритото на река Вардар, на локација м.в.Средни лаки, КО Корешница, Општина Демир Капија**
Локација: **с.Корешница, Општина Демир Капија**

Во рамките на дозволата и условите во неа.

**ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**
**Градоначалник**
**Лазар Петров**

Овластен да потпише во име на
Надлежниот Орган за животна средина
Датум

14.12.2022

# УСЛОВИ

## 1. Инсталација за која се издава Дозволата

1.1.1. Операторот е овластен да изведува активност и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

1.1.2. Активностите во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана на Табела 1.1.2 и мапата на локацијата на инсталацијата.

| **Табела 1.1.1.** | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од УРЕДБА за опредлување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Инсталиран капацитет** |
| Вадење на песок, чакал и камен од коритото на река Вардар | Сепарација Корешница м.в.Средни Лаки | Производство на гранулирани фракции 14 000 m³ годишно |

| **Табела 1.1.2.** | |
|---|---|
| Документ | Место во документација |
| Мапа на локацијата на инсталацијата | Барање за Б-интегриран еколошка дозвола, стр.10 |

**Мапа на локацијата на инспалацијата**





1.1.3. Операторот на инсталацијата при користењето и управувањето со инсталацијата е должен да ги почитува сите услови и мерки утврдени со оваа дозвола.

1.1.4. Операторот е должен инсталацијата да работи, да се контролира и да се одржува на начин опишан во оваа дозвола и емисиите да не ги надминуваат вредностите согласно законската регулатива. Сите планови и програми кои треба да се извршуваат според условите на оваа дозвола стануваат дел од дозволата.

1.1.5. Оваа дозвола е само за потребите на интегрирано спречување и контрола на загадувањето согласно Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22 и 171/22) и ништо од оваа дозвола не го ослободува операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од другите закони и подзаконски акти.

1.1.6. По добивањето на оваа дозвола, операторот е должен редовно да врши плаќање на годишниот надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола и на годишниот надоместок за извршен редовен надзор, согласно законската регулатива.

1.1.7. Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола. Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа дозвола.

1.1.8. Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без согласност и писмено одобрение на надлежниот орган.

1.1.9. Б-интегрираната еколошка дозвола има важност од **7 години**. Најдоцна една година пред истекот на важноста, операторот е должен да поднесе барање за обновување на дозволата.

1.1.10. Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија, операторот најитно ќе изврши испитувања на почвата, подземните води и водите за проверка на евентуално загадување.

1.1.11. Б-интегриранaта еколошка дозвола може да се измени по барање на операторот или по службена должност, при што, доколку има потреба, условите дефинирани во истата ќе се изменат.

1.1.12. Целосен или делумен пренос на дозволата на друг оператор може да се изврши согласно член 118 од Законот за животната средина.

# 2. РАБОТА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во барањето за интегрирана еколошка дозвола за усогласување со оперативен план или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Во инсталацијата за која се издава дозволата, ќе работи персонал, кој е соодветно обучен и целосно запознаен со условите во дозволата.

2.1.3 Копија од оваа дозвола, како и оние делови од барањето, кои се вклучени во дозволата, ќе бидат во секое време достапни за секој вработен, кој ја извршува работата која е поврзана со условите во дозволата.

2.1.4 Операторот ќе го минимализира бројот на застои на операциите на инсталацијата.

2.1.5 Операторот е должен за спроведување на програмата за подобрување, мониторинг на системите за намалување на емисиите, тековната проценка на еколошките перформанси на инсталацијата, спроведување на мерки за подобрување на процесот, развивање процедури за комуникација со Надлежниот орган.

2.1.6 Операторот ќе воспостави процедури за да обезбеди превземање на конкретни мерки, доколку специфицираните барања од дозволата не се исполнети. Во процедури ќе се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности, во случај на пријавени прекршувања.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите за обука и ќе обезбеди соодветна обука за сите вработени, чија што работа може да има значително влијание врз животната средина.

## 2.2. Суровини ( вклучувајќи и вода )

2.2.1 Операторот, согласно со условите од дозволата ќе користи и суровини (вклучувајќи и вода) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1 или на друг начин договорен со надлежниот орган во писмена форма.

| **Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | Документ | Дата кога е примено |
| Карбонатни суровини:<br>-песок<br>-чакал<br>-друг наносен материјал | Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола | 16.09.2022 |
| Вода | | |
| Дизел гориво | | |

2.2.2 Операторот ќе обезбеди безбедно место за чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштата.

- По извршениот дотур на суровинскиот материјал и сепарација на фракциите, комерцијано неинтерсените фракции да се искористат за уредување на речниот брег, согласно проектот за регулација.
- Дизел горивото се чува во цистрена за таа намена, поставена на специјално обележано и заштитено место.
- Другите материјали потребни за функционирањето на возилата и опремата на инсталацијата се чуваат во оригинална амбалажа на посебно определено место.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма, односно согласно Законот за управување со отпад.

**Табела 2.3.1 Ракување и складирање на отпадот**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
|---|---|---|
| Јаловина | Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола | 16.09.2022 |
| Моторно трансмисионо масло | | |
| Филтри за масло | | |
| Гуми, каиши | | |
| Метален отпад | | |
| Отпадна вода | | |
| Комунален отпад | | |

2.3.2. Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите. Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.3.3. Од инсталацијата нема загадување од отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени.

2.3.4. На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамките на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворите на отпадоци.

2.3.5. Операторот редовно ќе ги обновува договорите со овластените компании за превземање на сите видови отпад.

2.3.5. Операторот ќе го извести надлежниот орган за било каква промена во однос на количините, видовите на отпад и било каква промена во договорите за превземање на отпад.

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Во границите на локацијата на сепарацијата нема да се вршат операции на преработака и одлагање на отпад.

| Табела 2.4.1 Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Во инсталацијата нема да се вршат операции на преработка и одлагање на отпад. | | |

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е наведено во документите наведени во Табела 2.5.1 или на друг начин писмено договорен со Надлежниот Орган.

| Табела 2.5.1 Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Спречување на хаварии и реагирање во итни случаи | Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола | 16.09.2022 |

2.5.2 Во случај на несреќа операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа
- Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот
- Идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите
- Го забележи датумот на несреќата
- Го извести надлежниот орган и другите релеватни власти

2.5.3 Операторот е должен за настанатата хварија веднаш да го извести надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од областа на животната средина и да му ги достави податоците кои се однесуваат на:

- Околностите во кои се случила хаваријата
- Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата
- Податоците потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата
- Преземените вонредни мерки

2.5.4 Во случај на хаварија или поголем дефект на инсталацијата, раководителот веднаш го запира понатамошното производство и наредува отстранување на предизвиканата штета. Како превентивна мерка е опфатено поставувањето на лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи или цртежи кои информираат за опасностите и забранетите постапки.

2.5.5 Поради природата на процесите кои се изведуваат на локацијата на инсталацијата, нема опасност од големо влијание врз животната средина во случај на хаварии или итен случај.

2.5.6 Операторот е должен да изготви Внатрешен План за вондредни ситуации, за управување со хаварии во случај на инцидентни ситуации, во кој ќе ја вметне и компонентата за за минимализирање на влијанијата и ризиците врз животната средина. Операторот е должен да го известува Надлежниот Орган за секоја промена во инсталацијата.

2.5.7 Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира сите вработени лица.

2.5.8 Во случај на престанок со работа на самата инсталација, Операторот е должен во рок од 30 дена до Надлежниот Орган да достави соодветни

мерења од концентрациите на полутанти во воздухот, почвата и подземните води.

2.5.9 Операторот е должен за настаната хаварија, веднаш, да го извести Град Скопје, Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Бутел, согласно член 151 од Законот за животната средина (“Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22).

## 2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе воспостави мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во Додаток 2 или на друг начин писмено договорен со надлежниот орган.

2.6.2. "Мониторинг" се однесува на процесните услови, емисии во животната средина како и мерења на нивоата на загадувачи во животната средина и известување за резултатите од тие мерења со цел да се покаже почитување на границите кои се специфицирани во дозволата или во други релевантни документи. "Мониторингот" се спроведува за да се обезбедат корисни информации, а се базира на мерења и набљудувања што се повторуваат со определена зачестеност во согласност со документирани и договорени процедури.

2.6.3 Идентификување на аспекти на мониторинг: При поставување на оптималните услови на мониторинг следните седум аспекти треба да бидат земени во предвид:

1. Причина на мониторингот

   Според Законот за животна средина, сите МДК во Б интегрираните дозволи треба да бидат базирани на примената на Најдобрите достапни Техники (НДТ). Основни причини за неопходноста на мониторингот се:

   - Се проверува дали емисиите се во границите на МДК,
   - Одредување на придонесот на одредена инсталација во загадувањето на животната средина.

2. Одговорност за мониторингот

Согласно Законот за животна средина, организацијата е одговорна за мониторингот. Општината може да да спроведе сопствен мониторинг за инспекциски цели. Операторот и Општината можат да ангажираат трета страна да го спроведе мониторингот за нив. Но, крајната одговорност за мониторингот и неговиот квалитет е на Операторот и Општината, а не на оној кој го вршел мониторингот за нив.

3. Принцип на практичен мониторинг

При изборот на практичен мониторинг треба да се идентификуваат следните аспекти:

   - Избор на параметрите
   - Фреквенција на мониторинг
   - Метод на мониторинг
   - Интензитет на мониторингот.

4. Аспекти на мониторингот при поставување на граници

   За да се поставаат границите мора да се земе во предвид начинот на поставување на границите, кои се видови на граници и аспекти ќе се земат во предвид како дел од поставувањето на границите.

Идентификувањето на аспектите на мониторингот при поставување на границите се врши по следните параметри:

- Услови на процесот
- Опрема на процесот
- Емисии на процесот
- Влијание врз животната средина
- Употреба на ресурси
- Процент на собрани податоци од мониторингот

5. Период на мониторинг

Кога се поставуваат условите на мониторингот во врска со времето треба да се земат во предвид:

- Времето на земање на примероци или вршење на мерење
- Просечно време
- Фрекфенција.

Времето на земање примероци или вршење на мерење се однесува на датумот, часот од денот и седмицата, месецот итн.

Просечно време е она време, во кое резултатот од мониторингот е прикажан како репрезент од просечни оптоварувања или концентрации на емисијата. Може да биде часовно, дневно, седмично, месечно, годишно итн.

Фрекфенцијата се однесува на времето помеѓу земањето на индивидуалните примероци и генерално и е поделено помеѓу континуиран и неконтинуиран мониторинг.

6. Оценка на усогласувањето

Резултатите од мониторингот се користат за оценување на усогласувањето на инсталацијата со границите поставени во дозволата. Оценката на усогласувањето вклучува споредба помеѓу:

- мерењата или статистичкото резиме пресметано од мерењата

- релевантните МДК или еквивалентен параметар
- отстапување од мерењата

7. Известување

Известување за резултатите од мониторингот вклучува сумирање и презентирање на резултатите од мониторингот, поврзаните информации и заклучоци од усогласувањето на ефикасен начин.

2.6.3. Операторот е должен да обезбеди:

- безбеден и постојан пристап до мерните места за да земањето на примероци/ мониторингот биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, ако не е поинаку наведено во Додаток 1.
- безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.4 Земањето примероци и анализите ќе се изведуваат според пропишаните стандарди за анализа на примероците.

2.6.5 Се задолжува Операторот редовно да доставува извештај од извршените мерења од мониторингот што ќе го врши овластена лабораторија акредитирана за мерења на сите параметри наведени во Дозволата. Извештаите треба еднаш годишно да се доставуваат до Општина Демир Капија.

2.6.6. Со оглед на тоа што операторот во барањето нема доставено предлог-точки за мониторнг, се определуваат следните точки за мониторинг:



## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работа на инсталацијата, како што е опишано во документите наведни во Табела 2.7.1 или на друг начин договорен со Надлежниот Орган во писмена форма.

| Табела 2.7.1 Престанок со работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Ремедијација, престанок со работа, започнување со работа и грижа по престанок на активностите | Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола и Прилог XIV кон Барањето | 16.09.2022 |

2.7.2. Согласно Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на Република Македонија" бр.112/14 и 42/16), Операторот ќе го извести Надлежниот орган за намерата за престанок на активноста, при што ќе достави деталeн план за престанок на активноста со временски распоред за извршување на условите утврдени со оваа Дозвола и финансиски импликации.

2.7.3. Планот треба да содржи:

- Изјава за обемот на планот
- Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој ќе обезбеди мнинимум влијание врз животната средина
- Програма за постигнување на наведените критиериуми
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени

2.7.4. Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затварање на инсталацијата.

2.7.5. Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животната средина.

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава дозволата управува само еден оператор.

# 3. ДОКУМЕНТАЦИЈА

3.1.1. Документацијата ќе содржи податоци за:

- Секоја неисправност, дефект или престанок на работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи и краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да се јават и да имаат, или ќе имаат влијание врз перформансите на животната средина, а се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел.
- Целиот спроведен мониторинг и земањето на примероци и сите проценки и оценки, направени на основа на тие податоци.

3.1.2. Документацијата од точка 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот Орган, во било кое пристојно време.

3.1.3. Копија од било кој специфициран или друг документ, ќе му биде доставен на Надлежниот Орган на негово барање и без надоместок.

3.1.4. Специфицираните и други документи треба да бидат:

8. Да бидат читливи;
9. Да бидат направени што е можно побрзо
10. Да ги вклучуваат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5. Операторот е должен специфираната и другата документација да ја чува најмалку пет години, вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6. Операторот на инсталацијата за која се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме, доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да

се избегне негово повторно случување. Операторот треба во најкраток можен рок да го извести Надлежниот орган за инцидентот и да му поднесе евиденција за истиот.

3.1.7. Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на овластените инспектори за животна средина истите ќе им ги достави на увид:

-Дозволи поврзани со инсталацијата

-Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата,

-Целата кореспонденција со Надлежниот орган.

3.1.8. Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надомест.

3.1.9. Во случај на користење на опасни супстанции во инсталацијата (член 5 од Правилникот за опасни супстанции, гранични вредности-прагови за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна -"Службен весник на Република Македонија" бр.25/10), Операторот е должен да изготви План за вонредни состојби, согласно член 154 од Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15,39/16 и 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22 и 171/22).

# 4. РЕДОВНИ ИЗВЕШТАИ

4.1.1. Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, Операторот ќе ги испраќа до надлежниот орган за животна средина – Општина Демир Капија.

4.1.2. Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додаток2:

- во однос на наведените емисиони точки;
- за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, Операторот и Надлежниот Орган од Општина Демир Капија се договараат за времето на преговорите;
- Давање на податоци за вакви резултати и проценки, како што може да биде барано од страна на формуларите, наведени во тие табели
- испраќање на извештај до Надлежниот орган ќе се изврши во рок од 14 дена од денот на извршените мерења од акредитирана лабораторија

4.1.3. Испраќање на редовни извештаи до надлежниот Орган:

- За годишните извештаи наведени во Табела Д2 од Додаток 2, до 20 март наредната година за извештаи од претходната година.

# 5. ИЗВЕСТУВАЊА

5.1.1. Оператотор ќе го извести Надлежниот Орган, без одложување:

- Кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која ја надминува граничната вредност или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција;
- Кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;
- Кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок со работа на техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување;
- За било какво несакано дејство, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2. Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секој од следниве случаи:

- Траен престанок на работа на инсталацијата за која се издава дозволата;
- Престанок на работата на некој дел или целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолг од 1 година
- Повторно стартување на работата на некој дел или целата сепарација за која што се издава Дозволата по престанокот на работа и по известувањето, дадено согласно точка 5.1.2

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

- Било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или промена на адреса на регистрираната канцеларија.
- За активноста кога Операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6. ЕМИСИИ

## 6.1 Емисии во атмосфера

6.1.1 Работите во сепарацијата се изведуваат на отворен простор и многу брзо и краткотрајно доаѓа до распостирање на прашина и гасовитите продукти, чија што количина на штетни компоненти е мала и незначителна и со оглед на тоа дека е отворен простор од сите страни, концентрациите се занемарливи и истите по пат на природна вентилација се евакуираат. Прашината главно содржи калциум карбонат, $CaCO_3$. Оваа компонента при утовар и транспорт, може да делува само врз вработените во работната средина и за заштита од истата вработените треба да применуваат заштитни респираторни средства. Сепарацијата да применува распрскување на вода во околината на отворените складишта, внатрешните сообраќајници како и редовно чистење на бункерите за дотур на суровина и стопанскиот двор од заостаната прашина.

6.1.2 Операторот е должен да го извести Надлежниот Орган за секоја настаната промена на концентрациите на емисиите во атмосфера.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Постои емисија на отпадна вода во почвата, но во неа нема опасни материи и нема загадување на подземните води.

6.2.2 Операторот ќе го извести надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почва.

## 6.3 Емисии во вода

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во табелата.

| Табела 6.3.1 Точки на емисија во вода (освен емисиите во канализација) | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор** | **Количество** |
| Емисии во вода има само од миењето на камената маса. | | |

6.3.2. Производството на сепарирање на материјали во основа е воден процес.
Од инсталацијата има емисии во површинските води по третманот на миење на камената маса и исталожување на водата која се користи за миење на материјалот. Водата не ги менува физичко-хемиските карактеристики, освен зголемениот процент на седимент кој се отстранува во земјено-песочната лагуна кој врши филтрирање на водата и истата ослободена од седиментните примеси се враќа во р.Вардар.

6.3.3. Во самиот технолошки процес се употребува технолошка вода.
Водата во објектот се користи и за перење на објектот и околината. Атмосферската вода која се создава при обилни дождови се испушта во природна вододерина, а дел се депонира во почвата.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисии во канализација од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во табелата.

| Табела 6.3.1 Точки на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор после пречистување** | **Канализација** |
| Од работата на сепарацијата не се среќаваат испуштања во води на реципиент. | | |

6.4.2. Водата која се создава заради хигиенските и санитарни потреби на вработените преку санитарен чвор се испушта во септичка јама. Септичката јама се празни по потреба од страна на јавното комунално претпријатие од општина Демир Капија.

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1 Од работата на механизацијата на инсталацијата, емисиите на топлина се незначителни затоа што сепарацијата е лоцирана на отворен простор и емисиите се занемарливи.

Оваа инсталација нема котел.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1. Емисиите на бучава од локацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство и тоа:

- Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Службен весник на РМ“ бр.01/09);
- Правилникот за локациите на мерни станици и мерни места („ Службен весник на РМ“ бр.120/08);
- Правилник за граничните вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на РМ“ бр.147/08).

6.6.2 Во рамки на локацијта на инсталацијата, бучава и вибрации се предизвикани од работењето на инсталацијата, движење на транспортните уреди и транспортните возила и од сите други активности на инсталацијата како утовар-истовар. Истите не треба да ги надминуваат дозволените граници.

6.6.3 На локацијата нема вибрации и нејонизирачки зрачења кои би влијаеле на животната средина.

# 7. Пренос на отпадните води

7.1.1. Отпадните, санитарни води кои се создаваат заради хигиенските и санитарните потреби на вработените, преку санитарен чвор се испуштаат во септичка јама. Септичката јама се празни по потреба, од страна на јавното комунално претпријатие од Општина Демир Капија.

7.1.2. Отпадната вода која се создава со исклучок на дождовните води од локацијата, има емисии во површинските води по третманот на миење на камената маса и исталожување на водата која се користи за миење на материјалот. Водата не ги менува физичко-хемиските карактеристики, освен зголемениот процент на седимент кој се отстранува во земјено-песочната лагуна кој врши филтрирање на водата и истата ослободена од седиментните примеси се враќа во р.Вардар.

7.1.3. Потребно е квалитетот на водите после да биде согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите.

# 8. УСЛОВИ НАДВОР ОД ЛОКАЦИЈАТА

8.1. Операторот работниот процес на сепарација на речниот нанос во фракции го врши во рамките на локацијата на инсталацијата и нема никакви дејствија надвор од локацијата, освен транспортот на комерцијалните фракции кој се одвива со транспорти возила по локалните сообраќаници и затоа влијанието врз перформансите на животната средина се незначителни.

# 9. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

9.1 Операторот ќе ги спроведува договорените мерки и активностите од Прорграмата за подобрување заклучно со датумот наведен во следната Табела 9.1.1 и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки и активности.

**Табела 9.1.1 Мерки и активност од Програма за подобрување**

| **Ознака** | **Мерки и активности** | **Датум на завршување** |
|---|---|---|
| 9.1 | Бетонирање на дел од локацијата на сепарацијата, каде е поставана сепарационата машина | По добивање на дозволата |
| 9.2 | Озеленување-хортикултурно уредување на кругот на инсталацијата | 12 месеци по добивање на дозволата |
| 9.3 | Обезбедување на договори со овластени фирми за сервисирање на возилата и комуналниот отпад | По добивање на дозволата, континуирано |
| 9.4 | Инсталирање на распрскувачи за вода на критичните точки заради превенција од прашина од отворен простор | По добивање на дозволата |
| 9.5 | Бетонирање или поставување на павер елементи на сите патеки за манипулација на тешките возила, како не би се кревала прашина и би можело почесто да се врши миење и чистење на бетонското плато | 24 месеци по добивање на дозволата |
| 9.6 | Користење на еколошки нафтени деривати за возилата | По добивање на дозволата, континуирано |
| 9.7 | Сервисирање на возилата надвор од кругот на сепарацијата во фирма специјализирана за таа дејност, согласно договорот на операторот склучен со Анел-Маг 97 | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| 9.8 | Користење на вода во ситата за класирање на фракциите на сепариран песок, за намалување на прашината | По добивање на дозволата, континуирано |
| 9.9 | Посебно внимание ќе се обрни на придржување на пропишаните мерки за заштита од пожар и заштита на животната средина. Со сите тие мерки ќе биде запознаен и обучен раководителот на базата, кој ќе биде и задолжен за спроведување на истите | По добивање на дозволата, континуирано |
| 9.10 | Да се направат таложници за собирање на милта од сепарираниот песок | 6 месеци од добивање на дозволата |
| 9.11 | Уредување на испустот за вода за спречување на излевање на водата во околината | 6 месеци од добивање на дозволата |
| 9.12 | Траса на речно корито (активност наведена во Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола од 16.09.2022) | до 2024 година |
| | Појасни прагови (активност наведена во Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола од 16.09.2022) | до 2024 година |

# 10. ДОГОВОР ЗА ПРОМЕНИ ВО ПИШАНА ФОРМА

10.1.1. Кога изразот ,,или на друг начин писмено договорен со надлежниот орган", се користи во услов од дозволата, надлежниот орган ќе бара таков одговор на следниот начин:

- Операторот ќе му даде на надлежниот орган писмено известување за деталите на предложента промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола;
- Ваквото известување вклучува проценка на можните влијанија на предложента промена (вклучувајќи и создавање отпад), како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

10.1.2. Секоја промена, предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот ќе му даде на надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата во согласност со таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа ќе мора да се дополни дозволата.

10.1.3. Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на:

- Материјална промена или зголемување на:
- Природата или количината на која било емисија
- Системите за намалување/третман или преработка
- Опсег на процесите што се изведуваат
- Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад

Било каква промена на:

- Инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на негативен ефект врз животната средина;
- Било каква промена која може да има влијание врз животната средина
- Било каква промена на превземачот

ќе се изведуваат или ќе започнат со претходно известување за тоа и во договор со надлежниот орган.

*За што не е споменато во оваа дозвола, се применуваат одредбите од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22 и 171/22).

# ДОДАТОК 1

**Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2**

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот Орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б, треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена во на одделен лист, заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи:

**Дел А**

☐ Име на операторот
☐ Број на дозвола
☐ Локација на инсталацијата
☐ Датум на доставување на податоци
☐ Време, датум и локација на емисија
☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:
  - ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија и времето кога се случила емисијата
  - ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата
  - ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата

**Дел Б**

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
☐ Превземени или планирани мерки за спречување на повторно појавување на истиот проблем
☐ Превземени или планирани мерки за испарување, лимитирање на загадувањето или штетата на животната средина, што може да се случи како резултат на емисијата
☐ Датум на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци

☐ Име ☐ Пошта

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен во име на Операторот

# ДОДАТОК 2

**Извештаи за податоците од мониторингот**

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 2.6 од оваа Дозвола, се наведени подолу во Табела Д2.

| **Табела Д2 :Извештаи за податоците од мониторингот** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Период за давање на извештаи** | **Почеток на периодот** |
| Емисии во воздух Респирабилна прашина PM 10 | Еднаш годишно | Веднаш по издавање на Дозвола |
| Емисија на бучава Интензитет на бучава | Еднаш годишно | Веднаш по издавање на Дозвола |
| Вибрации | Еднаш годишно | Веднаш по издавање на Дозвола |
| Евиденција на инциденти | Во рок од 24 часа од инцидентот | Во рок од 24 часа од инцидентот |